# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ
# ЗА ПЕРИОД 01.01.2014-31.12.2014

Во 2014 година во работењето на Винарската визба Тиквеш АД Скопје не се имплементирани промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Бруто добивката во 2014 година на износ од 418,6 мил. денари бележи пораст од 17%, односно зголемување за 61,3 мил. денари.
Иако вкупните приходи се релативно стагнантни споредено со 2013 година, растот се должи на зголемувањето на приходите од продажба на домашен пазар за 7%, како и намалување на трошоците на продадени производи за 8%.

Намалувањето во трошоците за продажба и маркетинг (дистрибуција) и останатите оперативни расходи во вкупна вредност од 13 мил. денари резултира со оперативна добивка од 122 мил. денари, што претставува зголемување за 52% односно 41,7 мил. денари споредено со 2013 година.

Финансиските расходи се намалени за 1%, односно за 0,4 мил. денари.
Нето добивката за финансиската година на износ од 38,7 мил. денари претставува забележително повеќекратно зголемување, односно пораст од 37,2 мил. денари.

За работењето во 2014 година не беа исплатени дивиденди.

Во 2014 година се оствarija вложувања во материјални средства од 50,5 мил. денари.
Значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беше реализиран.

Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беа реализирани.

Во 2015 година се планира одржување на континуитетот во развојот на пазарот во Македонија преку подобрување на комерцијалната политика. Се планира раст на пазарот во Србија преку зголемена подршка во човечки ресурси, како и интензивирање на растот на пазарите во Хрватска и Босна и Херцеговина.
За интернационалните пазари е планирано зајакнување на продажбата со постоечките дистрибутери и освојување на нови пазари преку градење на позитивна перцепција за брендот.